12. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира отпадокот во регионална односно општинска депонија.

13. Пред да се отпочне со реализација на парковското зеленило инвеститорот е должен да изработи проект за парковско зеленило кое ќе ги дефинира сите параметри за уредување .

14. Во зависност од потребите на инвеститорите и дејноста која ќе се обавува урбанистичката парцела **бр. 1,2,3,4,7,8,9** во зоната на градбата ќе бидат предвидени комплекс на објекти кои не треба да

надминат процентуално поголем од 70 %. Истите парцели ќе се спроведуваат со **Урбанистички Проект** согласно чл.50 став 1 од законот за просторно урбанистичко планирање (бр.51/05)

15. Урбанистичката парцела **бр.10** Образование (В1) во која е предвидена и планирана промена од потребите на инвеститорите ќе се спроведува со **Урбанистички Проект** согласно чл.50 став 1 од Законот за просторно урбанистичко планирање(бр.51/05)

II.1 НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"ВАНЧО ПРЌЕ" бр. 119 - ШТИП тел. 032 383 - 033 studio@atrium.mk

ИЗВОД ОД СОСЕДНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-3978/3 од 16.06.2023 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,

комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 325/1

ДУП: "Баби "

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 01-5417/1 од 27.09.1967год.

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-2 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
    - Заверена копија од синтезен план во идентична форма

Изготвил: дипа.Викторија Инџекарова


Viktorija Indjekarova

Digitally signed by Viktorija Indjekarova
DN: c=MK, 2.5.4.97=VATMK-4029005130584, o=OPSHTINA SHTIP Shtip, ou=OPSHTINA SHTIP Shtip-4029005130584, givenName=Viktorija, serialNumber=CRT3640071, cn=Indjekarova, cn=Viktorija Indjekarova
Date: 2023.07.12 09:58:32 +02'00'

Овластен од Градоначалник,

Раководител на сектор,

Лазар Хаџи-Николов


ШУМА-ПАРК
ТРГОВСКО-
-СОЦИЈАЛНИ
ЦЕНТАР

3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

Подрачјето на урбана четврт СИ 02.07, во Општина Штип се наоѓа во градежниот реон на град Штип и до сега било третирно со следните плански документи од повисоко ниво, односно, се наоѓа во планските опфати на следните урбанистички документации:

- Извод од ГУП

Според Генералниот урбанистички план за град Штип со одлука бр. 08-7987/1 од 31.12.2022 год. издаден со извод број 18- 2258/2 од 28.03.2023 година, на предметниот плански опфат за дел од урбан четврт СИ 02.07 од ГУП на град Штип, се предвидува површина со намена А, Б, В, Г и Д3. Планскиот опфат согласно изводот од ГУП изнесува 19ха.

- Извод од ДУП

За предметниот опфат постои важечки ДУП за населба „Баби“ УЕ47, донесен со Одлука бр.0701-2680/1 од 31.10.2008г., и Одлука бр. 0701-4981/1 од 26.07.2011г. издаден со број 18-3978/2 од 16.06.2023 година, каде се планирани објекти со намена А и Б.

- Извод од ДУП “Баби“ - соседен

За предметниот опфат постои важечки соседен ДУП „Баби“, донесен со Одлука бр.01-5417/1 од 27.09.1967г., издаден со број 18-3978/3 од 16.06.2023 година.

4. СТУДИИ, ЕЛАБОРАТИ И РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА КОНКРЕТНИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТ

Во граници на планскиот опфат, не постојат изработени студии, елаборати или било какви работни материјали од сите области релевантни за урбанистичко планирање, за конкретниот плански опфат.

5. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ТЕРИТОРИЈАТА ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Локалитетот се наоѓа близу централно градско подрачје на Град Штип, на подрачјето на КО Штип 2.

5.1 Географски карактеристики

Општина Штип се наоѓа во источниот дел на Република Македонија. Штип има централна положба во регионот на Источна Македонија и е во близина на главните поголеми сообраќајници артерии во Република Македонија и на Балканот. Градот и поширокото подрачје зазема простор помеѓу 41 степен 35мин. 15 сек. 13 мин. 41 степ.45 мин.и 25 сек северна географска ширина и 22степ 10мин. и 22степ. и 13мин. Географска должина по Гринич. Го зафаќа просторот околу Исарот со речни површини на река Отиња и река Брегалница. Рељефно поширокиот простор околу градот представува мозаик, ортографски доста разигран (Надморска висина помеѓу 300м. и 435м.). Релјефната структура ја демантира поволната положба на Штип во регионот во однос на сообраќајните врски кои се насочени во природно погодните простори за комуницирање.

Преку Штип поминуваат правци кои ја поврзуваат Вардарската долина и Скопје со источните делови на нашата Република и соседна Бугарија за што посебно погодува отвореноста на Овче Поле. Природно погодни коридори за комуницирање се правци Овче Поле- Кочанско поле - Делчевско поле на исток и Овче Поле - Криволакавичка котлина-Радовишко поле на југоисток. Споменатите два правца како природно погодни простори за насочување на сообраќајот на Штип му дава висок ранг на системот на населбите во Источна Македонија. Во Релјефната физиономија на територијата која ја зафаќа градот и неговото непосредно опкружување се издвојуваат три целини:

- ридчеста (околу 10%) расположени јужно и источно од постојното градско ткиво,
- падинска (околу 30%) од вкупна површина,
- рамничарска (околу 60%) од вкупната територија на градот, Просторот што го зафаќа овој опфат по својата релјефна физономија е ридчеста.

5.2 Геолошки карактеристики на теренот

Доминантно место во девонска серија заземаат филитичните шкрилци кои на теренот се откриени во мошне големи маси и во однос на другите литолошки членови тие имаат постепени преоди и формираат повеќе синклинални и антиклинални структури со разни димензии. По боја се темно сиви до црни. Главни минерали се кварц, серицит и графитично битуминозна материја. Метапесочниците се нешто помалку распространети од филитичните шкрилци и се јавуваат во разни хоризонтални траги. Тоа се ситно до едрозрнести карпи, темно сиви по боја, составени претежно од кварц, а помалку од преодни асоцијации, на теренот е понекогаш да се издвојат и затоа се третираат како една геолошка средина.

5.3 Сеизмички карактеристики

Подрачјето на Штип како дел од Источна Македонија се граничи со две сеизмички најмаркантна, а може да се рече најпознати зони на Балканот, Вардарската сеизмогена зона на запад и Струмичката сеизмогена зона на исток. За подрачјето на градот и непосредното опкружување пресметан е долгорочниот максимален степен на очекувани земјотреси, кој изнесува 8° по МЦС скала. Бидејќи не постои сеизмичка микрореонизација за овој простор, меродавна е картата на макросеизмичка реонизација. Природно нестабилните и сеизмички неповолните терени - местата каде се сменуваат геолошките формации, треба да се исклучуваат од градежните зафати, а за поголемите инвестициони објекти потребно е извршување на детални инженерско - геолошки и сеизмолошки истражувања на теренот.

5.4 Климатските карактеристики

Подрачјето на општина Штип се карактеризира со умерено-континентална клима, со одредено влијание на изразито медитеранска клима преку долината на река Брегалница.

5.5 Температура

Просечната годишна температура на воздухот изнесува 13,00С. Просечен годишен минимум од 11,70С и просечен годишен максимум од 14,30С. Најтопол месец е јули со 24,10С, а најстуден јануари со 1,30С. Апсолутен максимум на температурата на воздухот е забележан на 24-07-2007 година од 43,50С, апсолутен минимум на температура на воздухот е забележан на 26-01-1954 година од -22,70С, апсолутно годишно колебање од 76,20С. Просечната зимска температуре изнесува 2,60С, пролетната температура изнесува 12,60С, летната просечна температура изнесува 23,20С и просечна средна есенска температура изнесува 13,60С. Просечно есенските температури се повисоки од пролетните. Просечен последен пролетен мраз е на 28-03, апсолутен последен пролетен мраз бил на 28-04-1984год.

Просечен прв есенски мраз е на 6-11, а апсолутно последен есенски мраз бил на 16-10-1961год. Мразниот период просечно трае 142 дена. Пејсажите во пониските делови во Плачковица не се особено вредни поради еродираноста на површините и оголеноста. Пејсажите во повисоките делови на Плачковица се многу поинтересни, а вегетационите, климатските и вкупните амбиентални вредности го создаваат најатрактивниот излетничко рекреативен простор во Општината. Најинтересни и најважни пејсажи во градот се речните текови на реките Брегалница и Отиња.

5.6 Врнежи

Просечната годишна сума на врнежите изнесува 473,3mm, и тоа најмногу во мај со 56,0mm, а најмалце во февроари 29,8mm, додека апсолутниот максимум на врнежите е забележан на 06-08-2007 година од 77,9ММ или l/m2. Зимскиот период паѓаат просечно 34mm по месец или вкупно за зимскиот период просечно 101,9mm., пролетниот период просечно паѓаат 42,7mm или вкупно за 3, 4, и 5 месец просечно паѓаат 128,2mm, летниот период просечно паѓаат 37,2mm или вкупно за 6, 7 и 8 месец 111,7mm, а во есенскиот период просечно во месеците септември, октомври и ноември паѓаат по 44,3mm или вкупно

за сите месеци просекот е 132,9mm. Годишен просек на влажноста на воздухот изнесува 67%. Број на денови со снег годишно има 19, денови со град има 35, годишен број на денови со магла е 12, просечната снежна покривка изнесува 9,7cm. Просечна должина на траење на периодот со снег е 95 дена. Просечен број на ведри денови е 87, просечен број на облачни денови е 194 дена и просечен број на тмурни денови е 84.

5.7 Ветрови

Во Штипската котлина најчест ветер е од северозападниот правец кој дува со честина од 196‰, брзина од 3,6m/s и јачина до 10 бофори што е и најсилен ветер заедно со југоисточниот ветар кој е втор по честина од 179‰ и со брзина од 3,8m/s што е најголема брзина. Ветер со најмала честина е источниот со честина од 18‰, 2,9m/s и јачина од 8 бофори. Честината на време без ветар - тишина е 395‰ што значи дека повеќе од третина од денонокието е без ветар.

5.8 Осончување

Должината на траењето на сончевиот сјај изнесува 2376,9 часа годишно или просечно дневно 6,5 часа што овозможува и поголем избор на ориентации на објектите.

5.9 Вегетација и пејсаж

Вкупниот впечаток кој од вегетационен аспект го создава пределот е сиромашен, пуст, обесшумен со доминантно земјоделско обележје.

5.10 Хидролошки карактеристики

Терените на кои е распространета општината и неговото непосредно окружување, слабо се издажни со вода, поради што се јавува мал број на извори и мала издашност (до 1l/s) на постоечките. Подземните води се присутни само во алувјиалните седименти, а насоката на природниот одвод го следи движењето на површинските води и речниот тек. Појавите се на длабочина од 0-1m и малку се истражени. Хидрографската мрежа ја чинат река Отиња и река Брегалница. Реката Брегалница во овој дел е типично рамничарска со мноштво на меандри и изразито инундационо корито. Поради ова при големи води доаѓа до изливање на речниот тек вон границите на инундационото корито и предизвикува поплави, па е присутна потреба за регулација на речниот тек. Од посебно значење за градот се појави на термоминерални води во Кежовица, кои имаат лечилишко-балнеолошки особини. Со дупчење на овој локалитет постојат можности за добивање поголеми количини вода и веројатност за нејзина висока температура од досега утврдената (околу 57°C), со што се создава изразита можност за развој на бањскиот туризам.

6. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА ЖИВОТОТ НА ЧОВЕКОТ И НАЧИН НА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ОД СТРАНА НА КОРИСНИЦИТЕ

Локалитетот кој е предмет на разработка на овој детален урбанистички план претставува дел од изградената градска структура. Припаѓа на градежниот реон на град Штип и се наоѓа на околу 3 км од централното градско подрачје.

Според просторната територијална поделба на градското градежно земјиште согласно ГУП на Град Штип, подрачјето опфатено со овој детален урбанистички план претставува дел од урбана четврт СИ 02.

Анализата неопходна за утврдување на можностите и погодностите за развој ги опфаќа следниве елементи: културно-историски, демографски, економски, стопански, сообраќајни, законодацно-административни, здравствени-социјални и други создадени вредности и чинители од страна на корисниците.

Човекот се смета како најважен елемент на урбанистичкото планирање, бидејќи се јавува насекаде и е способен да се активира себеси и сè околу себе, со цел да создаде подобар живот во средината каде што живее.

Покрај согледувањата на демографскиот развој, како и факторите кои влијаат на истиот, за целосно согледување на постојната состојба извршена е детална анализа и севкупно истражување и увид на самото место со спроведена инвентаризација на објектите и населението во рамките на планскиот опфат.

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА СО ОДРЕДЕНА НАМЕНА, СОСТОЈБА, СТРУКТУРА, КАКО И НА ГРАДБИТЕ ШТО СЕ ВО ФАЗА НА ГРАДЕЊЕ

За целосно согледување на постојната состојба извршено е детално истражување по пат на директен увид на лице место – теренска работа и направена е детална анализа на добиените податоци од ажурираната геодетска подлога.

На земјиштето на предметниот простор со површина од 190 781,67m² постојат следните градби:

Број на објект	Катастарска парцела	Класа на намена	Намена на објект	Катност на објект	Површина на градба m2	Конструктивен систем	Состојба
1	1469/6	Б1	Мали единици за комерцијални и деловни намени	П+1	337,24	СК	Добра
2	1469/9	Б1	Мали единици за комерцијални и деловни намени	П+1	178,99	СК	Добра
3	1469/10	Б1	Мали единици за комерцијални и деловни намени	П+1	108,24	СК	Добра
4	1513	А1	Домување во куќи	П+1+ПК	138,56	СК	Добра
5	1514	А1	Домување во куќи	П+1+ПК	116,4	СК	Добра
6	1515/1	А1	Домување во куќи	П+1+ПК	121,59	СК	Добра
7	1515/4	А1	Помошни објекти	П	14,78	МО	Добра
8	1516/1	А1	Домување во куќи	П+1+ПК	119,21	СК	Добра
9			Помошни објекти	П	24,55	МО	Добра
10	1517/1	А1	Домување во куќи	П+1+ПК	119,69	СК	Добра
11	1517/5	А1	Помошни објекти	П	53,23	МО	Добра
12	1517/4	А1	Помошни објекти	П	24,79	МО	Добра
13	1518/1	А1	Домување во куќи	П+1+ПК	141,39	СК	Добра
14			Помошни објекти	П	71,79	МО	Добра
15			Помошни објекти	П	18,67	МО	Добра
16	1519	А1	Домување во куќи	П+1+ПК	145,47	СК	Добра
17			Помошни објекти	П	35,39	МО	Добра
18	1520	А1	Домување во куќи	П+1+ПК	119,89	СК	Добра
19			Помошни објекти	П	31,17	МО	Добра
20			Помошни објекти	П	40,31	МО	Добра
21	1982	А1	Домување во куќи	П+1+ПК	126,15	СК	Добра
22			Помошни објекти	П	23,91	МО	Добра
23	1983	А1	Домување во куќи	П+1+ПК	95,35	СК	Добра
24			Помошни објекти	П	6,07	МО	Добра
25	1984	А1	Домување во куќи	П+1+ПК	105,45	СК	Добра
26			Помошни објекти	П	10,23	МО	Добра
27	1985	А1	Домување во куќи	П+1+ПК	136,05	СК	Добра
28	1987	А1	Домување во куќи	П+1+ПК	111,97	СК	Добра
29	1988	А1	Домување во куќи	П+1+ПК	101,07	СК	Добра
30			Помошни објекти	П	33,66	МО	Добра
31	1986	А1	Домување во куќи	П+1+ПК	105,78	СК	Добра
32			Помошни објекти	П	25,27	МО	Добра
33	1998	А1	Домување во куќи	П+1+ПК	89,95	СК	Добра
34	1999	А1	Домување во куќи	П+1+ПК	120,47	СК	Добра
35	2000/1	А1	Домување во куќи	П+1+ПК	118,73	СК	Добра
36	2000/3		Помошни објекти	П	12,19	МО	Добра
37			Помошни објекти	П	17,83	МО	Добра
38	2000/5	А1	Помошни објекти	П	17,13	МО	Добра
39	1981/1	А1	Помошни објекти	П	15,54	МО	Добра
40	2004	А1	Домување во куќи	П+1+ПК	113,13	СК	Добра
41	2002	А1	Домување во куќи	П+1+ПК	111,38	СК	Добра
42	2003/1 2003/2	Б1	Мали единици за комерцијални и деловни намени	П+1	394,58	СК	Добра
43	1469/1	Д3	Спорт и рекреација на зелени површини	П	66,06	СК	Добра
44	1469/1	Д3	Спорт и рекреација на зелени површини	П	6459,6	/	Добра
45	1461/4	Г3	Индустрија на финални производи и сервисни услуги	П	550,41	МО	Добра
			ВКУПНО:		**10929,31**		

Во предметниот опфат при инвентаризацијата на содржините и функциите на теренот евидентирани се вкупно 45 објекти. Анализата на инвентаризираниот градежен фонд, во поглед на намената на објектите, состојбата на амортизираност, конструктивниот систем во кој се изведени и височината, односно катноста, ги презентира следниве резултати:

Намена на објекти

А1 –Домување во куќи
Б1 – Мали комерцијални и деловни дејности
Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини
Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини
Г3 – Индустрија на финални производи и сервисни услуги

Состојба на објекти

Објектите кои се со намена домување се воглавно во добра состојба. Објектите кои се категоризирани како помошни објекти се во добра и средна состојба. Објектите со намена деловни и комерцијални дејности се во добра состојба, како и објектот за спорт и рекреација на зелени површини и индустрија на финални производи и сервисни услуги.

Конструктивен систем

Конструктивниот систем на објектите воглавно е скелетен и монтажно - демонтажен.

Висини на објекти

Висината на објектите е од П (приземје) до П+1+Пк

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА			
БРОЈ	**НАМЕНА НА ПОВРШИНА**	**ПОВРШИНА (м2)**	**ПРОЦЕНТ %**
1	Изградено земјиште	10929,31	5,73
2	Неизградено земјиште	179852,36	94,27
Вкупно (на опфат)		**190781,67**	**100,00**

Урбанистичките показатели од документационата основа укажуваат дека предметниот локалитет е со процент на изграденост од **5,73**%.

8. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА УРБАНОТО И ДРУГО ЗЕЛЕНИЛО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Во рамки на планскиот опфат не постои уредена површина која се инвентаризира како зеленило. Зеленилото кое е застапено се наоѓа во рамки на дворните места, а неизграденото земјиште е девастирано и неуредено земјиште.

9. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ И ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ

Согласно побараните податоци и информации до Управа за заштита на културно наследство и недобиениот одговор од истата институција, се констатира дека во близина на подрачјето на предметниот плански опфат евидентирано е недвижно културно добро – археолошки локалитет Бабите (тумули од железно време) и согласно на ова, потребно е извештај за стручно мислење од надлежната установа НУ – Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип.

Согласно добиеното мислење од НУ – Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип со допис бр. 08-95/5 од 13.03.2025 констатирано е дека во рамките на планскиот опфат постои евидентирано културно наследство археолошки локалитет Бабите 4-832-054/40 ЕНД – тумулу од железно време. Локалитетот се наоѓа во населбата Баби во Штип десно од патот Штип – Караорман. Според тоа, потребно е да се изработат Заштитно конзерваторски основи на предметниот опфат во рамките на планскиот опфат, на сметка на Инвеститорот.

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита и културно наследство (Службен весник на Република Македонија бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19).

10. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ДОБИЕНИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ

10.1 Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје

Согласно податоците добиени од „ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје - Друштво за дистрибуција на електрична енергија“ со допис бр. 10-22/4-338 од 03.08.2023, Акционерското друштво за дистрибуција и снабдување на електрична енергија EVN Македонија АД Скопје, **на предметниот плански опфат има постоечки електроенергетски мрежи во сопственост на ЕВН**. Евидентирани се надземни и подземени електрични водови и истите се прикажани во графичкиот прилог.

10.2 ЈП Хидросистем „Злетовица“ - Пробиштип

Согласно податоците добиени од ЈП Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип со допис бр. 03-630/2 од 09.08.2023, констатирано е дека на предметниот опфат нема подземни инсталации.

10.3 Дирекција за заштита и спасување

Согласно податоците добиени од ДЗС Подрачно одделение Штип, со допис бр. 09-165/2 од 15.08.2023 година, информирани сме дека на наведениот плански опфат, ДЗС не располага со податоци и информации од домен на нивно работење. Исто така, во прилог на дописот, Дирекцијата за заштита и спасување доставува претходни услови за заштита и спасување со цел истите да се вградат во изработката на ,,ДУП за дел од урбан четврт СИ 02.07. со намена А,Б, В, Г и Д3, КО Штип 2, Општина Штип и да се достави до Дирекцијата за заштита и спасување за добивање на мислење.

10.4 Македонски Телоком АД-Скопје

Согласно добиените податоци од Македонски Телеком АД-Скопје, со допис бр.54245 од 31.07.2023 констатирано е дека на предметниот плански опфат **има постојни ТК инсталации** и се прикажени во графичките прилози.

10.5 МЕПСО – Скопје

Согласно добиените податоци од МЕПСО, со допис бр. 11-4654/1 од 03.08.2023 година, констатирано е дека предметниот плански опфат **СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на МЕПСО и истите се прикажени во графичките прилози.

При изработка на проектна документација во случај на вкрстување и доближување на далекуводи на МЕПСО треба да се почитуваат следните законски норми:

- **Закон за Енергетика Член 203 став 1 (Сл.Весник на РМ бр.96 од 8.05.2018год.)**:

"Не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетски објект, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот“.

- **Законот за Енергетика Член 204 став 1 (Сл.Весник на РМ бр.96 од 28.05.2018год.)**

"Сопственикот, односно корисникот на земјиштето е должен да дозволи привремен премин преку тоа земјиште за вршење премержснимање „проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на енергетски објекти,како и за вршење на инспекциски надзор на објектите кои.се поставени на тоа земјиште.

10.6 Јавно претпријатие за државни патишта

Според податоците добиени од ЈПДП, со допис бр.10-7202/2 од 07.08.2023 Скопје, констатирано е дека предметниот плански опфат **граничи со регионалниот пат Р2334 (Р-601),** за кој во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса.

Во понатамошните активности ширината за заштитниот појас на регионалниот пат Р2334 (Р-601) да биде превземен и во согласност со постоечкиот одобрен ГУП за град Штип.

10.7 Јавно претпријатие за железничка инфраструктура

Според податоците добиени од ЈП-ЖРСМ, со допис бр.2001-3548/2 од 09.10.2023 Скопје, констатирано е дека предметниот плански опфат **се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга,** нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје.

10.8 ЈП Исар

Според податоците добиени од ЈП-ИСАР, со допис бр.15-379 од 01.09.2023 Скопје, констатирано е дека предметниот плански опфат **има постоечки инсталации на водовод и фекална канализација и истите се прикажени во графичките прилози.**

10.9 Управа за заштита на културното наследство

Според податоците добиени од УЗКН, со допис бр.17-2624/2 од 14.08.2024 Скопје, констатирано е дека во близина на подрачјето на предметниот плански опфат евидентирано е недвижно културно добро – археолошки локалитет Бабите (тумули од железно време) и согласно на ова, потребно е извештај за стручно мислење од надлежната установа НУ – Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип.

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита и културно наследство (Службен весник на Република Македонија бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19).

10.10 Управа за заштита на културното наследство

Согласно добиеното мислење од НУ – Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип со допис бр. 08-95/5 од 13.03.2025 констатирано е дека во рамките на планскиот опфат постои евидентирано културно наследство, археолошки локалитет Бабите 4-832-054/40 ЕНД – тумулу од железно време. Локалитетот се наоѓа во населбата Баби во Штип десно од патот Штип – Караорман. Според тоа, потребно е да се изработат Заштитно конзерваторски основи

на предметниот опфат во рамките на планскиот опфат.
Во Годишната програма за работа на НУ Завод и Музеј Штип не се предвидени средство за овие активности, па финансискиот товар паѓа на инвеститорот.

10.11 Сообраќај

Во планскиот опфат кој е предмет на изработка на овој ДУП, постои изведена улична мрежа. Инвентаризацијата е прикажена во графичкиот прилог бр.3 од документационата основа.

11. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Еден од важните фактори за создавање на концепција на планот е анализата на постојната состојба на теренот. При изработка на деталниот урбанистички план извршена е инвентаризација на градежниот фонд, согледување на состојбата на теренот и согледување на степенот на реализација на важечкиот урбанистички план.

Поголем дел од предметниот локалитет не бил до сега дел од разработка на ниво на детален урбанистички план во размер 1:1000.

Делот кој е изграден е со запазена урбана логика и стандарди. Комуналната инфраструктурна мрежа - хидротехничката (водовод, фекална и атмосферска канализација), електро - енергетската и телекомуникацискатa - делумно го покрива подрчејто на планскиот опфат.

Според **Генералниот урбанистички план за град Штип** со одлука бр. 08-7987/1 од 31.12.2022 год. издаден со извод број **18- 2258/2 од 28.03.2023** година, на предметниот плански опфат за дел од урбан четврт СИ 02.07 од ГУП на град Штип, се предвидува површина **со намена А, Б, В, Г и Д3.** Планскиот опфат согласно изводот од ГУП изнесува 19ха.

За предметниот опфат постои важечки **ДУП за населба „Баби“ УЕ47, донесен со Одлука бр.0701-2680/1 од 31.10.2008г., и Одлука бр. 0701-4981/1 од 26.07.2011г.** издаден со број 18-3978/2 од 16.06.2023 година, каде се планирани објекти со **намена А и Б кои се делумно изградени.**

За предметниот опфат постои важечки соседен **ДУП „Баби“, донесен со Одлука бр.01-5417/1 од 27.09.1967г.,** издаден со број 18-3978/3 од 16.06.2023 година.

12. ОЦЕНКА НА МОЖНОСТИТЕ И ОГРАНИЧУВАЊАТА НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО ПРОГРАМСКИ ПРОЕКЦИИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД АНАЛИЗАТА НА СОСТОЈБИТЕ НА ПРОСТОРОТ

Програмските проекции на просторот се движат во следните насоки:

- Потребно е да се изработи планскиот опфат за Детален урбанистички план.
- Да се планираат намени на земјиштето и градбите во согласност со дефинираните со ГУП на Град Штип и состојбата на терен.

На предметниот простор, кој е делумно реализиран, потребно е предвидување содржини со цел за нивна реализација и решавање на нивниот статус во склад со потребите на корисниците и Општината, во согласност со одредбите на ГУП на Град Штип и состојбата на терен.

Сите предвидени комунални приклучоци потребно е да се реализираат.

Можностите за просторен развој ги дефинираат насоките поставени како дел на развојот.

Со анализата на постојна состојба, потребите на Општината и сопствениците на градежните парцели од предметниот локалитет, треба да се оценат и одредат можностите на просторниот развој:

- во која насока е неопходниот развој;
- кои се ограничувачките фактори (тесни грла) на развојот;
- кои се реалните можности за развој.

Потребно е да се предвиди решение кое би ги оформило намената и карактерот на функциите.

Во поглед на системот на градба и стандардите треба да се градат економско исплатливи градежни зафати на објектите.

Потребно е да се постигне повисок стандард во однос на:

- површини;
- квалитет на градба;
- употреба на материјали;
- поголеми естетски вредности;
- соодветни инсталации;
- обезбедување на сите сообраќајни услови за проточност и безбедност на сообраќајот и комплексно решавање на сообраќајот во мирување;
- поврзување со инфраструктурни системи, како и можност од реализација на нови системи.

Во поглед на инфраструктурата потребно е:

- Паралелно со реализација на планските документи и оформување на квалитетни простори да се изведе примарната и секундарната мрежа на сите постојни инфраструктурни системи (водовод, фекална и атмосферска канализација, електрика, телефонија).

Реални можности за развој за локалитетот претставуваат:

- градба на објекти во оформени градежни парцели.

Степенот на искористеност на градежно земјиште ќе биде економски оправдан,

доколку се обезбеди потребно ниво на сообраќајна услуга.

Во согласност со нормативите за планирање на сообраќајот, примарната сообраќајна мрежа треба да обезбеди:

- секундарната сообраќајна мрежа во согласност со нормативите треба да се реализира;
- паркирањето на возилата да се обезбеди во рамките на парцелите.

Треба да се предложи такво просторно решение што ќе обезбеди поголем степен на искористеност на градежното земјиште со потребно ниво на сообраќајна услуга.

13. ДРУГИ ПОДАТОЦИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВОТО ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ

Согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23. 171/24, 224/24, 40/25), пристигнати се информации и податоци од релевантни државни и јавни институции и стручни служби на јавни претпријатија, кои се приложени како дел од оваа точка.

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"ВАНЧО ПРЌЕ" бр. 119 - ШТИП тел. 032 383 - 033 studio@atrium.mk

ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ

Република Северна Македонија
Општина Штип
Бр. 18-1471/1
11.02.2025 година
Ш т и п

До
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

Предмет: ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД ОПШТИНА ШТИП ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ГРАНИЦАТА НА ПЛАНСКИТЕ ОПФАТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Почитувани,

Во врска со дефинираниот плански опфат за изработка на детални урбанистички планови, по претходно направена анализа, се утврди дека кај инвеститорите не постои економска оправданост за изработка на дел од деталните урбанистички планови финансирани од заинтересирани инвеститори, односно се утврди дека вака финансираните плански решенија ќе се реализираат поефикасно доколку градските четврти се изработуваат парцијално.

Од оваа причина Советот на Општина Штип ја донесе Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови за подрачјето на Општина Штип на тој начин што се предвидува финансирање на плански решенија каде границата на планскиот опфат за изработка на ДУП освен што треба да се совпаѓа со граница на просторна единица за планирање како што е четвртта, може да ограничува и друга логичка единица, односно да се совпаѓа со регулациона линија, граница на градежна парцела, граница на катастарска парцела, оска на улица или друг линеарен геодетски симбол што претставува создадена или природна целица согласно член 32 од Правилникот за урбанистичко планирање.

Со почит,
Изготвил: Викторија Атанасова
Контролирал: Лазар-Хаџи-Николов
Одобрил: Секретар на Општина Штип:
Вишна Шорова-Ангелова

ОПШТИНА ШТИП
Градоначалник,
Иван Јорданов

Доставено до:
- *Архива*
- *Министерство за транспорт и врски*

Влада на Република Северна Македонија
- ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ –
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение за Заштита и Спасување-Штип

15.08.2023г.

Архивски број: 09-165/2

До:,,Студио Атриум,,Штип

Предмет: Податоци,информација,услови,доставува;

Врска Ваш акт бр.0302-166/23-2 од 27.07.2023г.

Согласно чл. 32став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање и задолжувањето од Директорот на ДЗС 02-2731/1од 19.11.2020 година, Одделението за издавање на урбанистичка согласност при Секторот за превенција, планирање и развој во Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение за ЗиС-Штип,информира:

Почитувани,

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за **,,Изработка на Детален урбанистички план за дел од урбан четврт СИ 02.07 со намена А,Б,В,Г и Д3 КО Штип 2,,**Општина Штип**.**

Исто така, во прилог на дописот, Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува претходни услови за заштита и спасување со цел истите да се вградат во изработката на**,,Изработка на Детален урбанистички план за дел од урбан четврт СИ 02.07 со намена А,Б,В,Г и Д3 КО Штип 2,,**Општина Штип**.**

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение - Штип
ул. „Христијан Тодоровски Карпош„ББ
2000 Штип
Република Северна Македонија
+032-391-381
075-457-537
Stip@.dzs.gov.m

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,** да се опфатат следните мерки:

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.
Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.
Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Урбанистичката Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр. 36/04, 49/04 и 86/08),и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на Државната урбанистичка планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение -Штип
ул. „Христијан Тодоровски Карпош„ББ
2000 Штип
Република Северна Македонија
+032-391-381
075-457-537
Stip@.dzs.gov.m

Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајки ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСЛ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.

Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РСМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

Наведените претходни услови треба да се вградат во ,,Изработка на Детален урбанистички план за дел од урбан четврт СИ 02.07 со намена А,Б,В,Г и Д3 КО Штип 2,,Општина Штип**.**

Или Откако ќе ги разработите и вградите условите за заштита и спасување во Урбанистичката документација во **,,Изработка на Детален урбанистички план за дел од урбан четврт СИ 02.07 со намена А,Б,В,Г и Д3 КО Штип 2,,**Општина Штип,да ја доставите до Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение за ЗиС-Штип, за да добиете мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување.

Подрачно Одделение за Заштита и Спасување-Штип
Овластено лице
Перикли Лазаров

Perikli Lazarov
Digitally signed by Perikli Lazarov
Date: 2023.08.15 12:54:20 +02'00'

Подготвил:
Предал:
Прегледал:

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение -Штип
ул. „Христијан Тодоровски Карпош„ББ
2000 Штип
Република Северна Македонија
+032-391-381
075-457-537
Stip@.dzs.gov.m

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение -Штип

ул. „Христијан Тодоровски Карпош„ББ
2000 Штип
Република Северна Македонија

+032-391-381
075-457-537
Stip@.dzs.gov.m

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-22/4 – 338 **од** 03.08.2023 год
Скопје

Одговорно лице: Марко Бирачоски

Контакт телефон: +389 72 933 219

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,
Во врска со Вашиот допис број 0302-166/23-2 од 27.07.2023 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 02.07 СО НАМЕНА А,Б,В,Г И ДЗ, К.О ШТИП – 2, ОПШТИНА ШТИП, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☒ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☒ 0.4kV Надземна мрежа

☒ Друго – Има планирана СН мрежа

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.


Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.
Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,
Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Marko Birachoski
Digitally signed by Marko Birachoski
Date: 2023.08.11 11:12:01 +02'00'



Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

СТУДИО АТРИУМ

Никола Нехтенин бр. 1

2000, Штип

Бр.11-4654/1

03.08.2023

Предмет: Податоци за постојни и планирани електро енергетски објекти

Врз основа на Вашето барање број 0302-166/23-2 од 27.07.2023 година, (наш број 11-4654 од 31.07.2023 година) за податоци и информации за **изработка на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 02.07 СО НАМЕНА А,Б,В,Г И ДЗ, К.О ШТИП – 2, ОПШТИНА ШТИП,,** Ве известуваме дека предметниот плански опфат **СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО и тоа:

1. **110kV далекувод на АД МЕПСО.**

Во прилог Ви доставуваме подлога во dwg формат прикачен на системот е-урбанизам.

Напомена: Податоците се од информативен карактер и затоа при реализација на предметната активност потребно е да се направи детална геодетска снимка на планскиот опфат со приказ на постојна состојба на земјиштето, катастарските парцели, градби и податоци за подземни, надземни и воздушни инсталации како и нивелациони коти на теренот, на ажурирана геодетска подлога, согласно член 2 точка 1 и член 43 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 32/2020). При тоа треба да се почитува одредбата согласно член 203 и член 204 од Законот за енергетика (Сл. Весник на РМ бр.96/2018).

Во случај на потреба од евентуална дислокација на ЕЕ објекти опфатени со планскиот опфат, наведената активност ќе се изврши врз основа на Проект за дислокација на ЕЕ објекти, одобрен од страна на АД МЕПСО, а комплетните трошоци околу евентуална дислокација, вклучително и Проектот за дислокација ќе бидат на Ваш товар и сметка.

Доколку при реализација на планираните градежни работи настане штета врз електроенергетските објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на АД МЕПСО-Скопје.


Изработил: Ангела Георгиевска

Проверил: Јасмина Ставрова

Eli Popovska

Digitally signed by Eli Popovska
Date: 2023.08.04 11:49:03 +02'00'

по овластување од Генерален директор
бр. 12-10/1 од 03.01.2023 год
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи



СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ

(Прилог бр.2)

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

(Изработка на Детален Урбанистички План за дел од Урбан Четврт СИ 02.07 со намена А,Б,В,Г и ДЗ)

К.О. ШТИП - 2

ЛЕГЕНДА

- плански опфат
- бетонски ѕид со железна ограда
- граница на катастарска парцела
- потпорен бетонски ѕид
- жичена ограда на бетонски парапет
- падни линии
- води
- шахти
- електричен столб
- далековод
- телефонски столб
- светлосен столб
- знак за припадност
- стопански објект
- стамбен објект
- помошен објект
- трафостаница
- откриена тераса
- новоизграден помошен објект
- поништен објект
- 261 - број на точка
- 296.97 - кота
- 1439 - број на катастарска парцела

дел од Урбан Четврт СИ 02.07 со намена А,Б,В,Г и ДЗ)

Алфа-Геодет Прима

ул. "Маршал Тито" бр.19, Штип
тел.: 032/381-004; 078 488 927; факс: 032/381-004
e-mail: alfa geodet_prima@hotmail.com

Инвеститор:
Општина Штип

ул. Васил Главинов бр. 4Б Штип

Објект:

(Изработка на Детален Урбанистички План за дел од Урбан Четврт СИ 02.07 со намена А,Б,В,Г и ДЗ)
К.О. Штип - 2

Изработил: Александар Велков, геод. тех.

Овластен Геодет: Јулијана Цветановска, дипл. геод. инж.

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 54245
Дата: 31.07.2023

До
Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн
СТУДИО АТРИУМ ДОО ШТИП
Ул. Никола Нехтенин Бр. 1, Штип

Ваше упатување: Барање на податоци и информации

Наше контакт лице: Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева

Телефон: +389 70 200 736; +389 70 200 571

Во врска со: Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 02.07 СО НАМЕНА А,Б,В,Г И ДЗ, К.О ШТИП – 2, ОПШТИНА ШТИП, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура аплицирана на графичкиот прилог.

Планерот на ДУП-от треба да предвиди коридори за кабелска комуникациска инфраструктура за поврзување на новопланираните објекти во опфат на ДУП-от од страна на пристапните улици (во тротоарите и/или друга јавна површина) во согласност со Правилникот за начин на изградба на јавни електронски комуникациски мрежи и придружни средства (сл.в. 106/2014, 170/2016). Вкрстувањето на различните правци на планираната инфраструктура да се прави во тротоар.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Прилог: Информации во електронска форма прикачени во постапката.

Со почит,


Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за DEVOPS активности
на оптика и мрежи од следна генерација

Дејан Влаховиќ

NIKOLChE TASEVSKI
Digitally signed by NIKOLChE TASEVSKI
Date: 2023.08.01 08:29:09 +02'00'



СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ

(Прилог бр.2)

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

(Изработка на Детален Урбанистички План за дел од Урбан Четврт СИ 02.07 со намена А,Б,В,Г и Д3)

К.О. ШТИП - 2

ЛЕГЕНДА

- плански опфат
- бетонски ѕид со железна ограда
- граница на катастарска парцела
- потпорен бетонски ѕид
- жичена ограда на бетонски парапет
- падни линии
- води
- шахти
- електричен столб
- далековод
- телефонски столб
- светлосен столб
- знак за припадност

- стопански објект
- стамбен објект
- помошен објект
- трафостаница
- откриена тераса
- новоизграден помошен објект
- поништен објект
- 261 - број на точка
- 296.97 - кота
- 1439 - број на катастарска парцела

дел од Урбан Четврт СИ 02.07 со намена А,Б,В,Г и Д3)

Алфа-Геодет Прима	Инвеститор: Општина Штип
	ул. Васил Главинов бр. 4Б Штип
ул. "Маршал Тито" бр.19, Штип тел.: 032/381-004; 078 488 927; факс: 032/381-004 e-mail: alfa geodet_prima@hotmail.com	
Објект:	(Изработка на Детален Урбанистички План за дел од Урбан Четврт СИ 02.07 со намена А,Б,В,Г и Д3) К.О. Штип - 2
Изработил: Александар Велков, геод. тех.	
Одговорен геодет: Јулијана Цветановска, дипл. геод. инж.	

Ј П "И С А Р"

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ - ШТИП, МАКЕДОНИЈА

Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи
"ИСАР" п.о
Бр. 15-379
01.09 2023 год.

До
"СТУДИО АТРИУМ" ДОО ШТИП
ул. "Никола Нехтенин " бр.1 , Штип

Врска : Ваш бр.0302-166/23-2 од 27.07.2023 год.

ПРЕДМЕТ : **Информација за подземен катастар - водовод и канализација**

Во врска со Вашето барање на податоци и информации добиено преку информацискиот систем за е-урбанизам каде барате податоци за постоечки и планирани подземните инсталации водовод и канализација а кои Ви се потребни за изработка на **ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 02.07 СО НАМЕНА А,Б,В,Г,и Д3 , КО ШТИП-2 , ОПШТИНА ШТИП "** , ЈП "ИСАР" Штип ја дава следната :

И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

Во овој плански опфат ЈП "ИСАР" Штип има постоечки инсталации на водовод и фекална канализација истите се уцртани во прилог на ситуацијата .

Доколку при планирањето и изведбата се наиде на непредвидени постоечките инсталации потребно е да се извести ЈП Исар Штип и за истото да се изработи соодветно техничкото решение и да се достави во ЈП Исар на ревизија и одобрување (изместувањето на инсталациите ќе биде на трошок на Инвеститорот).

ЈП " Исар " Штип дава мислење дека во овој плански опфат може да се планира без посебни ограничувања , бидејќи во предвидениот опфат подземните инсталации од водовод и фекална канализација може да се вклопат во новото планирање .


Ова Информација има важност 6 месеци од денот на издавањето .

01.09.2023 год.

РЕ " Сектор за стратешко планирање и развој "
ИЗРАБОТИЛ :
д.г.и. Валери Симов

ЈП " Исар " Штип
в.д.директор
Кирил Зајков

УЛ."Г.М.АПОСТОЛСКИ" БР.37 - 2000 ШТИП,
тел.++389 32 391-125, факс ++389 32 392-671
e-mail: jpisar@mt.net.mk



СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ

(Прилог бр.2)

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

(Изработка на Детален Урбанистички План за дел од Урбан Четврт СИ 02.07 со намена А,Б,В,Г и Д3)

К.О. ШТИП - 2

D:\Skici\1000\Rectify7k9_35_6.tif

ЛЕГЕНДА

- плански опфат
- бетонски ѕид со железна ограда
- граница на катастарска парцела
- потпорен бетонски ѕид
- жичена ограда на бетонски парапет
- падни линии
- води
- шахти
- електричен столб
- далековод
- телефонски столб
- светлосен столб
- знак за припадност
- стопански објект
- стамбен објект
- помошен објект
- трафостаница
- откриена тераса
- новоизграден помошен објект
- поништен објект
- 261 - број на точка
- 296.97 - кота
- *1439* - број на катастарска парцела

дел од Урбан Четврт СИ 02.07 со намена А,Б,В,Г и Д3)

Алфа-Геодет Прима

ул. "Маршал Тито" бр.10, Штип
тел.: 032/381-004; 078 488 927; факс: 032/381-004
e-mail: alfa geodet_prima@hotmail.com

Инвеститор:
Општина Штип

ул. Васил Главинов бр. 4Б Штип

Објект:

(Изработка на Детален Урбанистички План за дел од Урбан Четврт СИ 02.07 со намена А,Б,В,Г и Д3)
К.О. Штип - 2

Изработил: Александар Велков, геод. тех.

Одговорен геодет: Јованка Цветановска, дипл. геод. инж.

Бр/Nr. 10-7202/2

Скопје/Shkup 07 -08- 2023 година/viti

ДО СТУДИО АТРИУМ ДОО
ул.Никола Нехтенин бр.1
2000 Штип

Предмет:Податоци и информации

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 0302-166/23-1 од 27.07.2023год. за добивање податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации потребни за изработка на Детален урбанистички план за дел од Урбана четврт СИ 02.07 со намена А, Б, В, Г и Д3, КО Штип - 2, Општина Штип, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-7202/1 од 28.07.2023 година:

- Ажурирана геодетска подлога со граница на проектен опфат.

Од доставениот и разгледан прилог констатирано е дека предметниот плански опфат граничи со регионалниот пат Р2334 (Р-601), за кој во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса.

- Планирање на површини за градење, со планирање на катност и максимална висина на објекти;
- Определување на намена на зони и градби со процент на изграденост по зони и за секоја градежна парцела засебно, како и коефициент на искористеност на истите;
- Определување на основна класа на намена со комплементарни, компатибилни и алтернативни класи на намена;

- Определување на начин на приклучување на објектите во граница на планскиот опфат со елементи на инфраструктура;
- Почитување и надградба на зеленило и пејсажните вредности;
- Подигнување на хуманоста во просторот и обезбедување на непречено движење на хендикепираните лица;
- Почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;
- Предивување мерки за заштита и спасување;

5. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО КОЈ СЕ ПОСТИГААТ ЦЕЛИТЕ НА ПЛАНОТ, СО ОСВРТ НА СИТЕ РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ И ПОСЛЕДИЦИ ОД ПЛАНИРАНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ РЕШЕНИЈА И ОДРЕДБИ

Изработка на Деталниот урбанистички план се базира на основите на Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25), како и определбите и анализите од Генералниот урбанистички план и определбите на Деталниот урбанистички план.

Просторниот концепт на планот се задржува ист како и во важечкиот ГУП, ДУП. Истиот се темели на максимално почитување на оформениот плански опфат. Исто така концепцијата на решението произлегува од постојната состојба и увидот на лице место. Со предложеното решение се задржува намената предвидена во ГУП-от, особено е водена сметка за максимално почитување на катастарските парцели.

Во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25), ќе се планираат сите релевантни аспекти и последици од планираните урбанистички решенија и одредби.

Предметниот простор со површина од (190781,67 m²) градежно претставува во поголем процент неизграден простор и содржини со основна намена по ГУП А-Домување и престој, Б+Г – Мешана намена и Д3 – Теренски градби за спорт и рекреација. Овој опфат е градежно ангажиран и во помал дел изграден, но нуди можности за изградба на поголем комплекс со повеќе функции од оваа дејност.

Бидејќи планската задача е со веќе однапред дефинирана цел и со дадени насоки од нарачателот на планската документација, новопланираната урбанистичка документација на планскиот опфат се планираат градежни парцели со намена А-Домување и престој, Б – Комерцијални и деловни намени, Г – Рударство, енергетика, индустрија и Д – Зеленило, рекреација и меморијални простори и соодветни компатибилни намени кои можат да егзистираат во рамки на иста наменска зона, одредени според принципот на несметање и толеранција или функционална и просторна усогласеност за опстојување на ист или соседен простор.

На ниво на плански опфат дел од планираната површина припаѓа на А1 – Куќи за домување, А2 – Згради за домување, Б1 – Мали единици за комерцијални и деловни дејности, Б2 – Згради за трговија, Г3 – Индустрија на финални производи и сервисни услуги, Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило, Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини, Е1.8 – Трансформаторски станици и столбови на далновод, со соодветни компатибилни намени.

На планскиот опфат се предвидени вкупно 112 (сто и дванаесет) градежни парцели од кои 74 (седумдесет и четири) се со намена А1 – Куќи за домување, 16 (шеснаесет) се

со намена А3 – 3гради за домување, 11 (единаедет) се со намена Б1 - Мали единици за комерцијални и деловни дејности, 1 (една) е со намена Б2 – 3гради за трговија, 3 (три) се со намена Г3 – Индустрија на финални производи и сервисни услуги, 2 (две) парцели се со намена Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило, 2 (две) парцели се со намена Д3 – Теренски градби за спорт и рекреација, 3 (три) парцели се со намена Е1.8 – Трансформаторски станици, столбови на далновод.

Населението со сите свои пропратни елементи претставува битен фактор во организација на живеењето, димензионирањето и развојот на општествените и пратечките функции и други елементи на урбаниот начин на живеење. Урбанистичкиот план се работи за период од 5 години. За овој период се планираат промени во однос на бројот на жителите, нивно пресместување согласно параметрите и податоците дадени во ГУП за град Штип.

Потребните показатели за парцелите се дадени во графичкиот прилог и нумеричките податоци, а билансните показатели ја покажуваат реалната состојба на изграденост и интересот за идна градба во предметниот плански опфат.

Во согласност со анализите и параметрите зададени во ГУП на град Штип 2014-2029 во урбан четврт СИ 02 планирани се вкупно 4094 жители, а согласно планското решение за Детален урбанистички план за дел од урбан четврт СИ 02.07, Општина Штип, направени се следниве демогафски анализи за планираната состојба на ниво на опфат.

- Површина на блок е 119,58 ха.
- Максимална површина со намена А - домување е 82,43 ха.
- Максимална површина со намена Б -комерцијални и деловни намени е 5,96 ха.
- Просечна изграденост на % за намена домување е 10,78%.
- Просечна бруто изградена развиена површина за домување е 266 110m².
- Просечна број надземни нивои за домување е 5.
- Просечен коефициент на искористеност за домување (К) е 0,54
- Максимален дозволен број на жители, односно корисници во четвртта 4094
- Просечен број на семејства 1137
- Густина на населеност во однос на вкупната дозволена површина со намена домување ж/ха е 83.

*податоци според ГУП

Според извод од ГУП, во делот домување, од брутото станбена површина дадена во планот се одзема околу 30% за да се дојде до ориентациона корисна станбена површина. Тој број се дели на предвидените 75m² (површина на еден просечен стан) и се добива бројот на станбени единици, односно 485 станбени единици. Имајќи во предвид дека во еден просечен стан живеат приближно 2,73 жители, се добива планираниот број на жители односно 1324.
Во домувањето во куќи се сметани по 1 станбени единици на една градба, 74 вкупно, односно се добива 148 станбени единици со 404 жители.
Вкупен број на станбени единици во планскиот опфат е 633.
Вкупен број на жители со намена домување во планскиот опфат е 1728.

Во објектите со намена Б1 се превидени 40 корисници, додека во објектите со намена Б2 се предвидени 20 корисници.

Вкупен број на жители/корисници = 1788

Бруто густина на населеност: 1788 бр. на жители / 19,07ха вкупна површина на плански опфат = 93,8ж/ха.

ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА								
Основна класа на намена	**Блок**	**Површина на градежна парцела м2**	**Површина за градба м2**	**Развиена бруто површина м2**	**Број на објекти**	**Број на домаќинства**	**Број на жители/ корисници**	**Густина**
А1	ЦЕ 02.07	33267,13	10932,6	32797,80	74	148	404	1,7
А2	ЦЕ 02.07	29176,64	8291,64	49749,84	16	464	1324	69,4
Б1	ЦЕ 02.07	9131,98	2997,31	5994,62	11	/	40	2,1
Б2	ЦЕ 02.07	9565,07	4409,53	13228,59	1	/	20	1,0
Вкупно		**81140,82**	**26631,08**	**101770,85**	**102,00**	**612**	**1788**	**93,8**

СПОРЕДБЕНА ТАБЕЛА						
	Блок	**Површина на опфат**	**Максимален број на жители**	**Просечен број на семејства**	**Просечен процент на изграденост за домување**	**Просечен коефициент на искористеност за домување**
ДУП	ЦЕ 02.07	19,07 ха	1788	633	36,00%	1,08
ГУП	ЦЕ 02	119,58 ха	4094	1137	10,78%	0,54

Потреби за основно образование:

За планираниот број на жители 1788, согласно демографските показатели, може да се пресмета дека 8% ќе бидат деца на возраст од 7-14 години, односно 143 деца. За нив е задолжително да посетуваат основно училиште. Во предметниот опфат нема евидентирано основно училиште. Во непосредна близина на планскиот опфат се наоѓа едно основно училиште и тоа: О.О.У. „Славејко Арсов". Потребите за основно образование за децата од овој опфат ќе се задоволи во едното училиште и тоа: О.О.У. "Славејко Арсов" кое е на 1,1м, односно 15мин, од најодалеченият објект со намена домување во предметниот плански опфат, што претставуваат задоволителна дистанца.

Потреби за средно образование:

За потребите на средно образование, во Општина Штип има неколку средни училишта од различни профили и се планира децата од овој плански опфат да посетуваат едно од нив во зависност од нивните потреби. Средни училишта што егзистираат во Општина Штип се: С.О.У. "Димитар Мирасчиев", Д.С.У. "Искра", С.О.У. "Јане Сандански", Д.Е.М.У "Коле Нехтенин", С.М.У. "Сергеј Михајлов", С.О.У. "Славчо Стојменски".

Потреби за предучилишно образование:

За планираниот број на жители 1788, се предвидува 4% да бидат деца на возраст од 1 до 6 години, односно 72 деца. Очекувањата се дека 60% од децата ќе се јави потреба да бидат згрижени во предучилишна установа. Во предметниот опфат не е евидентирана детска градинка. Во предметниот опфат не е евидентирана детска градинка. Земајќи ги во обзир просторните можности и постојното непосредно опкружување (постојни градинки) и

планираното во непосредна околина, за решавање на проблемот за згрижување на деца на предучилишна возраст со овој детален урбанистички план, не се планира површина со намена детска градинка.

Во близина на планскиот опфат се наоѓаат една постоечка детска градинка, објект “Бамби”. Најодалечената точка од планскиот опфат е на 350м од објект “Бамби” . Предвидено е згрижување на децата од предучилишна возраст да биде во наведените градинки.

Потребните показатели за парцелите се дадени во графичкиот прилог и нумеричките податоци, а биланснитe показатели ја покажуваат реалната состојба на изграденост и интересот за идна градба во предметниот плански опфат.

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ, ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

На предметниот плански опфат се предвидуваат следните групи на класи на намена:

6.1. НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

ДУП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 02.07 ОПШТИНА ШТИП			
	ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА	**ПОВРШИНА /м2/**	**ПРОЦЕНТ**
ЦЕЛ ОПФАТ	**А -** ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ	62.443,77	32,74%
	Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	11.093,26	5,82%
	Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА	7.603,79	3,99%
	Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	26.097,89	13,68%
	Е - ГРАДБИ ОД НИСКОГРАДБА - ИНФРАСТРУКТУРИ	83.503,75	43,78%
ВКУПНО:		**190.742,46**	**100%**

- **Максимална површина за градба** (под објекти) во рамки на планскиот опфат

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА			
ЦЕЛ ОПФАТ	Намена на објекти	Површина	Процент
	А1 / Домување во куќи	10.932,60	23,8%
	А2 / Домување во згради	8.662,31	18,9%
	Б1/ Мали единици за комерцијални и деловни дејности	2997,31	6,5%
	Б2/ Згради за трговија	911,08	2,0%
	Г3/ Индустрија на финални производи и сервисни услуги	3.498,45	7,6%
	Е1.8 /Трансформаторска станица	64,00	0,1%
	Е1.8 /Столбови на далноводот	128,00	0,3%
	Д3 / Тренски градби за спорт и рекреација	16.123,94	35,1%
	Д2/ Заштитно и сообраќајно зеленило	2.561,31	5,6%
ВКУПНО:		45.879,00	100,0%

- **Развиена површина за градба** во рамки на планскиот опфат

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БРУТО ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА			
ЦЕЛ ОПФАТ	Намена на објекти	Површина	Процент
	А1 / Домување во куќи	32.797,80	26,7%
	А2 / Домување во згради	51.973,86	42,3%
	Б1/ Мали единици за комерцијални и деловни дејности	5994,62	4,9%
	Б2/ Згради за трговија	2.733,24	2,2%
	Г3/ Индустрија на финални производи и сервисни услуги	10.495,35	8,5%
	Е1.8 /Трансформаторска станица	64,00	0,1%
	Е1.8 /Столбови на далноводот – пилони	128,00	0,1%
	Д3 / Спорт и рекреација на зелени површини	16.123,94	13,1%
	Д2/ Заштитно и сообраќајно зеленило	2.561,31	2,1%
ВКУПНО:		**122.872,12**	**100,0%**

6.2. КОМПЛЕМЕНТАРНИ, КОМПАТИБИЛНИ И АЛТЕРНАТИВНИ КЛАСИ НА НАМЕНА

Бидејќи предметниот плански опфат на Деталниот урбанистички план на дел од урбана единица СИ 02.07, КО Штип 2, Општина Штип, кој согласно важечки ГУП предвидува изградба на објекти со намена домување и престој, зеленило, рекреација и меморијални простори, јавни дејности и институции и соодветни компатибилни намени кои можат да егзистираат во рамки на иста наменска зона без притоа да си го нарушуваат нормалното функционирање, потребно е да се планираат содржини согласно Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21,104/22, 99/23, 7/25).

Заради флексибилност на планот, на основните намени во планот, се дава можност за добивање на комплементарни, компатибилни и алтернативни намени.

Комплементарна намена е намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со урбанистичкиот план.

Комплементарни намени се:

- Делови од градежни парцели и делови од градби што служат за внатрешен сообраќај и за паркирање;
- Зеленило и одредени рекреативни намени;
- Делови од парцели или градби што се неоходни за комуналните инфраструктури;
- Градби, инсталации и опрема без кои основната намена не може да се употребува согласно нејзината намена;

Компатибилни намени, класи на намени или групи на класи на намени се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста наменска зона или во иста градежна парцела без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање.

Компатибилни класи на намени Компатибилните намени, класи на намени и групи на класи на намени се одредуваат според принципот на меѓусебно несметање и толеранција или функционална и просторна усогласеност за опстојување на ист или соседен простор.

Својството на компатибилност на различните дејности и активности е важно за процесот на урбанистичкото планирање и обликување на просторот, односно во просторната дистрибуција на намени, бидејќи поставувањето едни до други или едни преку други различни но компатибилни намени во урбанистичкиот план ја обезбедува динамичната просторна, функционална и структурна коегзистенција на голем број на дејности, активности и интереси на ист простор.

Во просторната дистрибуција на намените на земјиштето и градбите најважни се правилата на асоцијативност на компатибилните намени и заштитните правила на некомпатибилност, односно нормите што ти штитат ранливите намени од некомпатибилните намени што го попречуваат или деградираат употребувањето и квалитетот на првите.

Домувањето од класата на намени А1 - домување во куќи, е најзаштитена класа на намени, на која по правило и пречат сите други освен класите на намени Д1 - парковско и пејзажно зеленило, и Д2 - заштитно и сообраќајно зеленило и неопходните комунални инфраструктури, поради што во рамките на градежна парцела со класата на намени А| по правило не се предвидува ниту една друга намена.

Во наменски зони со класата на намени А1 - домување во куќи, може да се предвидуваат во делови од зоната, градежни парцели, градби и делови од градби некои од класата на намени Б| - мали единици за комерцијални и деловни дејности што не ја загрозуваат основната намена на домувањето, како што се:

- Б1.1 - дуќани, занаетчиски дуќани, продавници за мали прибори, опрема, делови и потреби за домаќинство,
- Б1.3 - продавници за храна, минимаркети, гранапи и други продавници,
- Б1.10 - канцеларии за консалтинг и интелектуални услуги,
- Б1.11 -адвокатски, нотарски и извршителски канцеларии, и
- Б1.13 - Мали ординации од различни медицински и стоматолошки општи и специјалистички области,
- Б1.14 - Продавници за предмети, уреди, салони за мебел и други мали специјализирани продавници,
- Б1.15 - Козметички салони, студија за нега на телото и слично.

Исклучоците може да се предвидуваат само во случаи: - на просторни единици за планирање во коишто ваквото мешање на деловни намени со основната намена А е веќе применето и постојно, - кога е тоа на барање на корисниците на просторната единица, и - кога е тоа применето најмалку за една цела наменска зона или просторна единица како што е блок, а не за поединечни градежни парцели во наменски зони со единствена намена за домување А1.

Вметнување на поединечни компатибилни намени во наменска зона со А1 или поставување на поединечни компатибилни намени да граничат, да бидат во непосредното соседство односно да бидат една до друга со наменска зона со А1 е препорачливо само со намената В2.7 - институции за претшколска нега, намената В1.1 - институции за основно образование, и намената В1.2 - институции за средно образование, како и локални центри со групирани намени од класата на намени Б1 - мали единици за комерцијални и деловни дејности, за обезбедувањето на продуктите и услугите потребни за домувањето.

Домување од класата на намени А2 - домување во згради, мешањето на оваа класа на намени е вообичаена со класата на намени Б1- мали единици за комерцијални и деловни дејности. Класата на намени А2 може да биде во непосредното соседство, да граничи, да се допира односно да биде една до друга практично со сите класи на намени што не му пречат на домувањето во згради и не ја загадуваат околината со ниту еден вид на загадување, како што се класите на намени од групите на класи на намени Б - комерцијални и деловни намени, В - јавни дејности и институции, па дури и оние намени од класите на намени Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, ГЗ - индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и енергетика од обновливи извори, и Е1 - сообраќајни, линиски и други инфраструктури, и Е2 - згради и комплекси на инфраструктурните системи, што немаат никакви штетни еманации и не ја загрозуваат функцијата на домување во згради.

Намени со најголема некомпатибилност се намените од класата на намени Г1 - производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија, кои се најзагадувачката класа на намени и се некомпатибилни со групите на класи на намени А, Б и В.

Помала некомпатибилност од класата на намени Г1 имаат класите на намени Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (освен Г2.8 - топлани за комунално греење и Г2.9 - вински подруми, винарии, пивари, пекарска индустрија, фурни, кои имаат поголема компатибилност со групите на класи на намени А, Б и В) и Г3 - индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и енергетика од обновливи извори (освен Г3.2 - сервиси за одржување и поправка на машини, бела техника, електроника, апарати за домаќинство, Г3.4 - сервиси за чистење и перење на килими, хемиско чистење и слично, Г3.6 - производство на инструменти, електроника и предмети за домаќинство, накит од племенити метали, музички инструменти, кроење и шиење облека, мануфактури за прецизни работи, печатници и слично, кои имаат поголема компатибилност со групите на класи на намени А, Б и В), чијашто поголема компатибилност може да се постигне со примена на нови незагадувачки технологии и заштита кои ги преквалификуваат овие намени во компатибилни со некои класи на намени од групите на класи на намени Б и В, па дури и класата на намени А2, при што за оваа преквалификација (од повеќе во помалку загадувачки) се потребни технички докази и институционална верификација за нивната незагадувачка природа.

Класите на намени Д1 - парковско и пејзажно зеленило, и Д2 - заштитно и сообраќајно зеленило, се по правило компатибилни со сите класи на намени.

Уредувањето на компатибилноста се врши во урбанистичките планови за секој плански опфат поединечно, во зависност од специфичностите на локалитетот, културата на живеење, историјата на планирање и градење, и тоа во случаи во коишто потребната компатибилност не е опфатена со овој правилник и помеѓу класи на намени и на начин различен од наведените во овој правилник, но согласно со начелата и принципите на компатибилност пропишани со овој правилник.

При димензионирањето на инфраструктурите во урбанистички план секогаш како референтни вредности се земаат највисоките параметри од алтернативните и компатибилните намени предвидени со планот.

За намена А1 - компатибилни класи на намена се:
Б1- Мали единици за комерцијални и деловни дејности
(со max. 40% учество во однос на основната класа на намена)

За намена А2 - компатибилни класи на намена се:
Б1 - Мали единици за комерцијални и деловни дејности
Б2 - Големи единици за трговија
Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради
(со max. 40% учество во однос на основната класа на намена)

За намена Б1 - компатибилни класи на намена се:
Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи згради
(со max. 40% учество во однос на основната класа на намена)

За намена Б2 - компатибилни класи на намена се:
Б1 - Мали единици за комерцијални и деловни дејности
Б3 - Големи единици за угостителска дејност
Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради
Б5 - Хотели и хотелски комплекси
Б6 - Простори за собири и публика
Г2- Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори

(со max. 40% учество во однос на основната класа на намена)

За намена Г3 - компатибилни класи на намена се:

Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

Б1 - Мали единици за комерцијални и деловни дејности

Б2 - Згради за трговија

Б3 - Големи единици за угостителска дејност

Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради

Б5 - Хотели и хотелски комплекси

Б6 - Простори за собири и публика

(со max. 40% учество во однос на основната класа на намена)

За намена Д3 - компатибилни класи на намена се:

Д1 - Парковско и пејсажно зеленило

Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило

(со max. 40% учество во однос на основната класа на намена)

За намена Д2 - компатибилни класи на намена се:

Д1 - Парковско и пејсажно зеленило

(со max. 40% учество во однос на основната класа на намена)

Застапеност на збир на единечни класи на намена во однос на основната изнесува 40% од вкупна површина на основна намена.

Усогласеноста на процентуална застапеност на комплементарни и компатибилни намени во планот треба да биде во согласност со одредбите пропишани во Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21 ,104/22, 99/23, 7/25), и почитување на одредбите дадени во Законот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25).

6.3. СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Во планскиот опфат сообраќајното решение е дефинирано со превземениот планиран сообраќај во ГУП и планиран сообраќај во ДУП.

Предвидените сообраќајници се во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25).

Колскиот пристап до објектите ќе се одвива исклучиво од улиците од секундарната улична мрежа – станбените улици и пристапните улици.

Основниот сообраќаен систем во целиот плански опфат го сочинуваат:

Градска магистрала „1“: (според ГУП) Пресек 13-13

Улица “Партизанска” (превземена од важечки ГУП)

Коловоз	4 x 3,5m = 14.0 m
тротоар	2 x 3,5m = 7,0 m
зеленило	1 x 2,0m = 2,0 m
Вкупно	**23,0m**

Новопроектирана собирна улица 4: (според ГУП) Пресек 14-14

Коловоз	4 x 3,5m = 14.0 m
тротоар	2 x 2,0m = 4,0 m
зеленило	1 x 2,0m = 2,0 m
Вкупно	**20,0m**

Новопланирана сервисна улица 1 - Пресек 7-7

Коловоз	2 x 3,0m =6 m
Тротоар	2 x 2,4m = 4,8m
Вкупно	**10,8m**

Новопланирана сервисна улица 2 - Пресек 10-10

Коловоз	2 x 3,5m =7 m
Тротоар	1 x 3-3,2m = 3,2m
Тротоар	1 x 1.5m = 3,2m
Паркинг	1 x 2.5m = 2,2m
Коловоз	1 x 5.5m = 5,2m
Вкупно	**19,7m**

Новопланирана станбена улица 1 - Пресек 1-1
Новопланирана станбена улица 2 - Пресек 2-2
Новопланирана станбена улица 3 - Пресек 3-3
Новопланирана станбена улица 4 - Пресек 4-4
Новопланирана станбена улица 5 - Пресек 5-5
Новопланирана станбена улица 6 - Пресек 6-6

Коловоз	2 x 3,0m =6 m
Тротоар	2 x 2,4m = 4,8m
Вкупно	**10,8m**

Ул.„Лески“ (според ДУП) - Пресек 10-10

Коловоз	2 x 3,5m =7 m
Тротоар	2 x 3m = 6m
Вкупно	**14m**

Новопланирана станбена улица 4-крак - Пресек 4’-4’

Коловоз	1 x 5,5m =5,5 m
Вкупно	**5,5m**

Новопланирана индустриска улица 1 Пресек 8-8

Коловоз	2 x 3,5m =7,0 m
Тротоар	2 x 2,4m = 4,8m
Вкупно	**11,8m**

Пристапна улица 1 Пресек 11-11
Пристапна улица 2 Пресек 12-12

Коловоз	1 x 5,5m =5,5 m
Вкупно	**5,5m**

Пешачките улици и тротоарите ќе се обработуваат (поплочуваат) со материјали кои го оплемуваат просторот. Максимално да се избегнува обработката на тротоарите со асфалт, а постојните асфалтирани тротоари постепено да се заменуваат со материјали кои нема да имаат негативно влијание врз животната средина. Ивичњаците кои го одвојуваат сообраќајното од пешачкото движење треба да се планираат со оборени ивици во однос на сообраќајницата.

Во овој ДУП се барани нови економски решенија за задоволување на потребите на сообраќајот, но во рамките на сообраќајните и техничките нормативи.

Во планскиот опфат кој е предмет на изработка на овој ДУП, внесени се траси на сообраќајниците онака како што се во важечкиот ГУП и ДУП, а нивниот профил е усогласен со важечкиот Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21 ,104/22, 99/23, 7/25).

За предметниот плански опфат потребно е да се определи начин на пресметување на неопходниот или потребниот број на паркинг места за секоја единица на градежно земјиште односно за секоја градба според нејзината намена или големина и за секоја наменска зона, и истата е планска одредба како задолжителна содржина на ДУП.

Потребниот број паркинг места ќе се утврди во зависност од специфичните потреби, локација и услови во во која спаѓаат градбите. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.

Во зависност од конкретната намена на градбите во граница на градежните парцели во планскиот опфат на ДУП, (во зависност од стандардот на живеење, степен на моторизација, достапност на средства за јавен превоз), потребно е да се обезбедат паркинг места во сопствена градежна парцела.

Проблемот на стационарниот сообраќај ќе се решава во рамките на сопствена парцела со почитување на потребен број на паркинг места, како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.

Сите профили на улиците, дадени се во графичкиот прилог Сообраќаен план.

Сообраќајното решение е превземено од важечкиот ГУП и ДУП и истото е внесено во Детален урбанистички план на дел од урбан четврт СИ 02.07, Општина Штип. Целокупниот нивелациски приказ на улиците, даден е во графичкиот прилог Сообраќаен и нивелациски план.

6.4. ИНФРАСТРУКТУРА

Со изработка на Детален урбанистички план на дел од урбан четврт СИ 02.07, Општина Штип, објектите за кои се планира во планот, ќе влијаат врз димензионирањето на предвидената инфраструктура, поради што планираната инфраструктура треба да ги задоволи идните планирани површини на изградба. Основните планирани решенија на инфраструктурата се превземени од важечкиот ГУП и ДУП за предметниот опфат и се прикажани во графичкиот прилог инфраструктурен план. Освен решенијата од претходниот план, при димензионирање на планирана инфраструктура, земени се во предвид и податоци добиени од надлежни институции.

6.4.1. ОСНОВНО РЕШЕНИЕ НА ЕЛЕКТРО ИНСТАЛАЦИЈА

Во граници на предметниот плански опфат постојат изградени објекти, со извршени приклучувања на постојната електрична мрежа. **Напојувањето на постоечките објекти се реализирала преку постоечки подземен среднонапонски вод 10(20)kv, постоечки надземен нисконапонски вод 0.4kV и новопланиран среднонапонски вод.**

Во опфатот поминува среднонапонски подземен 10(20)кв далекувод, чијшто заштитен појас изнесува 1 метар лево и десно од оската на водот. Овој заштитен појас се однесува на површината и просторот под, над и покрај самиот вод кој е потребен за заштита и одржување на водот и во него не е дозволено изведување на работи, односно

планирање и градење без согласност на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје. Во опфатот поминува нисконапонски подземен 0,4кв далекувод, за кој не се предвидува заштитен појас. Над и покрај самиот вод, не е дозволено изведување на работи, односно планирање и градење без согласност на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

За промена или дислокација на електроенергетски објекти и инфраструктура, претходно е потребно да бидат исполнети услови за промена или дислокација, односно инвеститорот е должен да поднесе барање и да ги надомести трошоците за истото, по издадено техничко решение од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Се до исполнување на условите за промена или дислокација на водот и реализација на техничкото решение, важи неговиот заштитен појас и одредбите од Закон за енергетика и Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија.

Низ опфатот поминува постоен 110кв надземен далекувод за кој е планиран заштитен појас од 10м, лево и десно од водот.

Во графичкиот прилог „Инфраструктурен план со плански решенија на сите комунални и други инфраструктурни водови и објекти“ од планската документација обележен е 110кв надземен далекувод заедно со локацијата на постојните столбни места согласно податоците добиени од ажурираната подлога, како и аголот на пресек на сообраќајницата со постојниот далекувод.

За „столб 1“ означен во графичкиот прилог, потребна е дислокација, односно да се дислоцира на поголемо растојание од градската магистрала. Во графичкиот прилог предвидена е можна дислокација на столбот, односно се планирани две нови градежни парцели на кои ќе се постават новите столбови. Тоа се парцелите 5.9 и парцела 6.1.

При дислокација на ЕЕ објекти опфатени со планскиот опфат, наведената активност ќе се изврши врз основа на Проект за дислокација на ЕЕ објекти, одобрен од страна на АД МЕПСО, а комплетните трошоци околу евентуална дислокација, вклучително и Проектот за дислокација ќе бидат на сметка на инвеститорот. Доколку при реализација на планиратени градежни работи настане штета врз електроенергетски објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на АД МЕПСО Скопје.

Висината на новопланираните столбови ќе се одреди согласно Проектот за дислокација при реализација на новопланираната собирна улица „4“ согласно ГУП.

За реализацијата на ново предвидената сообраќајница како и ново предвидените ГП именувани како ГП 5.1, ГП 5.5, ГП 5.7 и ГП 5.8 кои се простираат во близина на заштитниот појас на постоечкиот далекувод е возможна од кога ќе се достави Проект за дислокација на постоечкиот далекувод, т.е. кога ќе се овозможи повишување/зголемување на вертикалното безабедносно растојание и дислокација на постоечкото столбното место на ново предвидените ГП 5.9 и ГП6.1 со намена Е1 (вцртани во графичкиот дел на планот). И да бидат исполнети следните услови редлоследно (на трошок на барателот):

- Дислокација на енергетски објект(далекувод) се изведува согласно следната динамика:

- Официјално одобрување на дислокација на далекуводот од страна на Подружница ОПМ при АД МЕПСО.
- Изработка на техничко решение со разработени неколку варијанти за дислокацијама столбно место на ажурирана геодетска подлога и предлог површини и траса за градба на

идните објекти,
- Одобрување на техничко решение од сопственикот на далекуводот, МЕПСО.
- Врз основ на одобреното техничко решение подготовка и одобрување на проекти за дислокација (урбанизтички проект (инфраструктура), сет основни проекти за дислокација на далекуводите, Геодетски Елаборати за извршување на процесот за експропријација на земјиште и запишувања на право на соспственост и сл.),
- Одобрување на изработена техничка документација во МЕПСО,
- Ревизија на целокупна техничка документација,
- Обезбедување на дозвола за изградба/дислокација на далекуводите,
- Изведба на градежни и електромонтажни работи за дислокација,
- Испитување и вклучување на дислоцираните објекти.

- **Целокупните активности и работи потребни за дислокација (изработка на технички решенија, геодетски работи, изработка на комплет проектна документација изградба, надзор за време на изградба, трошоци поврзани со имотно правен дел и регулирање на градежно земјиште и сл.) ќе бидат на товар и сметка на барателот за дислокација.**
- Дополнително, за реализација на предвидената дислокација а Согласно Закон за градење во РСМ потребно е барателот да ангажира правни лица и тоа:

  - Правно лице со Лиценца А за изработка на проектна документација на градби од прва категорија,
  - Правно лице со Лиценца А за вршене на ревизија на проектна документација за градба на објекти од прва категорија,
  - Правно лице со Лиценца А за изградба на градби од прва категорија,
  - Правно лице со Лиценца А за вршење на надзор при градба на објекти од прва категорија.
  - Правните лица треба да поседуваат соодветна стручност и да имаат на располагање соодветен квалификуван кадар со овластување А, кој треба да биде одобрен и од страна на МЕПСО.

- За одредени работи околу регулирање на процесите пред се за имотноправниот дел, потребно е да се издаде овластување од МЕПСО за правно застапување на изработувачите на урбанистичка докумнетација издадено во име на МЕПСО.

- Целокупните чекори и процеси од почеток до реализација на дислокацијата ќе биде надгледувана и одобрувана и од МЕПСО.

При изработка на проектна документација во случај на вкрстување и доближување на далекуводи на МЕПСО треба да се почитуваат следните законски норми:

- Закон за Енергетика Член 203 став 1 (Сл.Весник на РМ бр.96 од 8.05.2018год.):

"Не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетски објект, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот".

- Законот за Енергетика Член 204 став 1 (Сл.Весник на РМ бр.96 од 28.05.2018год.)

"Сопственикот, односно корисникот на земјиштето е должен да дозволи привремен премин преку тоа земјиште за вршење снимање, проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на енергетски објекти,како и за вршење на инспекциски надзор на објектите кои.се поставени на тоа земјиште.

Во случај на градба како и изведување на други работи внатре во заштитениот

појас, корисникот/ сопственикот, овластено правно лице или јавна институција, неопходно е да поднесе барање до МЕПСО за издавање на заштитни мерки, однос МЕПСО да издаде писмена согласност соодветно на поднесеното барање.

При планирање, согласно пресметките за потребна едновремена моќност на планираните објекти, според вид, намена и сл. препорачано е да се предвидат нови маркици за трафостаници со определена дефинирана градежна парцела. Планирана е нова трафостаница на ГП5.8 за потребите на корисниците на планскиот опфат.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетски објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација. Еден од условите за позитивно мислење за одобрение за градење е претходно реализирана дислокација и/или промена предвидена во постапката за е-урбанизам.

Дел од среднонапонскиот 10(20)кв подземен вод поминува низ планираниот опфат и низ новопланирани површини за градба. Во графичкиот прилог „Инфраструктурен план со плански решенија на сите комунални и други инфраструктурни водови и објекти“ обележена е дел од трасата за која е потребна дислокација како и трасата на новопланираниот среднонапонски вод.

Со новопроектираната парцелација на дел од населба, Општина Штип, ќе доведе до зголемување на јавни дејности, угостителство, услуги, занаети, трговија, административни функции и др. а со тоа и до зголемување на потрошувачката на електрична енергија. Трендот на потрошувачка на електрична енергија продолжува, па затоа изградбата на нова високонапонска мрежа со транформаторски станици, нисконапонска мрежа, улично осветление и телефонски развод е неопходно.

Према тоа објектите ќе се напојуваат од постојни трафостаници во близина на планскиот опфат и новопланирана трафостаница ТС10(20)/0,4кв, на Градежна парцела 5.8. Сигурноста односно континуитетот во напојувањето е еден од елементите на квалитетно напојување на потрошувачката со електрична енергија. Пресекот на 10кв кабел и точна траса на полагање ќе се одреди со изработка на главниот проект за енергетско напојување. Нисконапонскиот развод ќе се води кабловски, на надзмени бетонски столбови со самоносиви каблови во зависност од потребната електрична енергија на објектите и теренот.

Улично осветление

Сообраќајниците во локалитетот во поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- Класа “1“ главни сообраќајници
- Класа “2“ споредни, локални
- Класа “3“ паркинг простори

За улично осветление ќе се користат металхалогени и живини светилки поставени на бетонски столбови према пропишаните прописи и светлотехнички барања за тој вид на сообраќајници. Распоредот на уличните столбови и нивните поврзувања ќе се одреди со главен проект за улично осветлување.

6.4.2. ТЕЛЕКОМУНИЦАСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Според техничките нормативи за одредување на вкупниот број на телефонски приклучоци - **на секоја субјект или станбена единица и припаѓа еден телефонски приклучок**. За овој плански опфат изведено е приклучување на постоечките објекти, кои се обезбедени со комплетна телефонска мрежа која ги задоволува потребите на објектите. Телефонската инсталација треба да ги задоволува критериумите за урбана градска средина. Сите идни планирања и развој на телефонската инсталацијата, треба да се планира и изведе со издадена согласност од А.Д. Македонски телекомуникации Штип.

Во графичкиот прилог „Инфраструктурен план со плански решенија на сите комунални и други инфраструктурни водови и објекти“ предвидена е новопланирана траса на телекомуникациска мрежа која треба да ги задоволи потребите на новопланираните објекти.

6.4.3. ВОДОВОДНА МРЕЖА

Согласно постојните важечки прописи за проектирање на комунална инфраструктура, изработени се предлог решенија на ваков вид на објекти, усогласени со постојната инфраструктурна мрежа, како и со предвидената водоводна инфраструктура, согласно главните проекти за изградба на идна водоводна мрежа на град Штип..

Сите понатамошни активности, изборот на нов приклучокот, големина на инфраструктурата, треба да биде во согласност со **ЈП Исар – Штип.**

Местоположбата на водовите од водоводната мрежа се предвидува да биде под тротоарите. Димензиите на профилите на водоводните цевки се добиваат со хидраулична пресметка, со познати потрошувачи на вода.

Снабдувањето со вода е преку постојна водоводна мрежа со Ф90,Ф100 на јужната страна од опфатот, односно ул.Лески и преку новопланирана водоводна мрежа чии траси се прикажени во графичкиот прилог бр. 6 „Инфраструктурен план со плански решенија на сите комунални и други инфраструктурни водови и објекти“.

Низ опфатот и низ дел од новопланираните површини за градба поминува постојна линија на водовод за која е потребна дислокација. Во графичкиот прилог бр.6 е обележена дел од трасата која има потреба од дислокација.

Хидротехничка пресметка за водоснабдување појдовни параметри

N_k – корисник - 1788

Q_0 – водоснабдителна норма – 400 l/ден

a_1 – коефициент на дневна нерамномерност=1,5

a_2 – коефициент на часовна нерамномерност=1,3

- средна дневна потрошувачка на вода – $Q_{сред/ден}$

$$Q_{сред/ден} = N_k \times Q_0$$

$$Q_{сред/ден} = 1788 \times 400 = 715\,200\ l/ден = 715.2\ m^3/ден$$

$$Q_{sred/ден} = Q_{сред/ден} / 86\,400 = 715\,200 / 86\,400 = 8{,}27\ 1\ l/sec$$

- максимална дневна потрошувачка на вода – $Q_{max/дневна}$

$Q_{max\ /дневна} = a_1 \times Q_{сред\ /ден}$
$Q_{max\ /дневна} = 1{,}5\,x\,715\ 200 = 1\ 072\ 800\ l/ден$
$q_{max/ден} = Q_{max\ /\ ден}\ /86\ 400 = 1\ 072\ 800\ /\ 86\ 400 = 12{,}41\ l/sec$

• максимална часова потрошувачка на вода – $Q_{max/час}$
$Q_{max\ час} = \frac{Q_{max\ /дневна}}{24} \text{x}\ a_2 = Q = \frac{1\ 072\ 800}{24} \text{x} 1{,}3 = 58\ 110$
$q_{max/час} = Q_{max\ /\ час}\ /3600 = 58\ 110\ /\ 3600 = 16.14\ \ l/sec$

• потребно количество на вода за гасење на пожар – $q_{довод/пож}$

t – времетраење на работа на довод – 24h
t_p– времетраење на пожар – 2h
n – број на истовремени пожари – 1
qпожар=5l/sek

$$q_{довод/пож} = \frac{Q_{max\ /дневна}}{t \text{ x } 3600} + \frac{\text{n x tp x } q_{пожар}}{\text{t}}$$

$$q_{довод/пож} = \frac{1\ 072\ 800}{24\text{x}3600} + \frac{1\text{x}2\text{x}5}{24} = 12{,}41 + 0{,}416 = 12{,}82 l/s$$

• вкупно количество на вода кое оди во водоснабдителниот систем:
$Q = q_{max/час} + q_{довод\ /пож}$
$Q = 16{,}14 + 12{,}82 = 28{,}96/\ s$

6.4.4. ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

Местоположбата на новопланираните канализационите водови е предвидена да биде под сообраќајниците, со длабина која ќе овозможи нормално опслужување на корисниците. Постоечките водови кои поминуваат низ градежни парцели се предвидуваат да се дислоцираат и постават под сообраќајници. Димензиите на новопланираните канализационите цевки е Ф300.

Отпадна количина на вода

Количината на отпадната вода се смета на 90% од водоснабдителната норма

N_k– краен број на корисници =1788
Q_l– водоснабдителна норма 400l/ден/жител
K_1– коефициент на часовна нерамномерност=1.3
K_2 - коефициент на дневна нерамномерност=1.5

Qk = Nk x Ql x 0.9 = 1788 x 400 x 0.9 = 643 680 м3/ден

$q_{ср/ден}$ = Qk/86400 = 643 680 / 86400 = 7,45 l/sek

$q_{max/ден} = q_{ср/ден} \text{ x } k_1 = 7{,}45 \text{ x } 1{,}3 = 9{,}68$ l/sek

$q_{max/час} = q_{max/ден} \text{ x } k_2 = 9{,}68 \text{ x } 1{,}5 = 14{,}52$ l/sek

$q=N\,k\times Q\,0\times K\,1\times K\,2$ = 1788 x 360 x 1,3 x 1.5= 1 255 176

$q_{14}=\frac{q}{14x3600}=\frac{1\,255\,176}{50400}$ = 24,9 *l/sec*

Инфилтрирана подземна вода по стручна литература 25-30%

$q_{инф}= q_{14}\times 0{,}3= 24{,}9 \times 0{,}3= 7{,}47\ l/s$

Вкупна отпадна фекална вода

$q_{вкупно}= q_{14}+ q_{инф}$

$q_{вкупно}= 24{,}9 + 7{,}47 = 32{,}37\ l/s$

Специфичен проток – ξ

ΣF – вкупна површина што се одводнува = 19,07ха

$$\xi = \frac{q_{\text{вкупно}}}{\Sigma F} = \frac{32{,}37}{19{,}07} = 1{,}69 \quad \frac{l/s}{\text{ha}}$$

6.4.5. АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Местоположбата на атмосферската канализација е предвидена да биде под сообраќајниците. Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, во зависност од сливната површина, интензитетот на дождовите и отечниот коефициент.

Отпадните атмосферски води од планскиот опфат од кровните површини на објектите, од површините на улиците, од зелените површини ќе бидат прифатени и евакуирани во атмосферска канализација.

Димензијата на новопланираните атмосферски цевки е Ф500.

6.4.6. УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО

Зелени површини се планираат да бидат во сопствени градежни парцели и застапеност на зеленило во граница на една градежна парцела треба да изнесува мин. 20%.

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

7.1. ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА СЕ СОСТАВЕН ДЕЛ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЈИ 02.02, ОПШТИНА ШТИП

7.2. Со овие услови за изградба се утврдуваат основните принципи, услови и техничко урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на концепциите од Генералниот урбанистички план и конкретните решенија во ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 02.07 СО НАМЕНА А,Б,В,Г И Д3 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП.

7.3. Се објаснуваат некои ставови за правилно спроведување на текстуалниот и графичкиот дел на планот, и се утврдуваат глобални смерници за изработка на плановите од понизок ред.

7.4. Во графичките прилози дадена е Максимална висина на венец, која претставува планска одредба со која во урбанистички план се утврдува најголемата дозволена височина на градбата. Максималната височина на градбата се одредува на два начина:

- Како висина на вертикалната рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија изразена во метри
- на вертикална рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија изразена во метри
- Како висината на највисока кота на градбата, кој се мери на највисокиот дел од затвореният габарит на градбата (од првостепена пластика) односно на највисока кота на покривот или слемето на кровот доколку се работи за кос кров, изразена во метри.
- Максималната висина на градбите покрај определување во должни метри, може да се дополнува и со бројот на катови или етажи.
- Поткровје или потпокривен спрат што во урбанистички план се планира како изградена површина чијашто намена е еднаква на намената на градбата, не се обележува во урбанистички планови и урбанистички проект посебно – како поткровје, туку како кат што влегува во бројот на вкупно одредените катови на градбата

7.5. Максимална височина на градбата се изразува како вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразена во должни метри, или вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и највисоката кота на градбата изразена во должни метри.

- Горен или завршен венец на градбата е хоризонтална линија до која завршува вертикалниот завршен ѕид од градбата поставен на градежна линија од страна на лицето на градежната парцела.
- Максималната висина на изградба може да се формулира како условена планска одредба која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектната документација се докаже дека се исполнети условите за постигнување на максималната висина за изградба дефинирана со овој план.

7.6. Максимална височина на нулта плоча во однос на теренот - апсолутна кота на тротоарот е 1.20м. Минималната височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот е 0.15м.

7.7. Висината на кровот се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во метри. Височина на слеме е планска одредба која се уредува во урбанистички план како височински услов за градење на ниво на наменска зона, уличен фронт, блок или плански опфат односно градежна парцела, но само доколку максималната височина на градење е уредена како височина до горен венец на градбата.

Височина на слеме на кровот на градбата може да се употреби како релативна кота која се мери од котата на горниот венец на градбата и ја претставува висината на кровната конструкција и покривот.

Височина на слеме може да се употребува како планска одредба во урбанистички план и како единствена височинска планска одредба односно како максимална височина на градење или како највисока кота од градбата.

Слеме е највисока точка на кровната конструкција или највисока хоризонтална линија на пресекот на рамнините што го формираат покривот или доколку се работи за едноводен кров тоа е линија на пресекот на наклонетата рамнина на кровот и вертикалната рамнина на фасадата на градбата.

Кога височината се одредува со параметарот височина на горниот венец, височината на слеме се одредува и мери од котата на горниот венец на градбата, а кога височината се одредува само со височината на слеме, таа се мери од котата на тротоарот или од пристапната или заштитната патека до градбата.

Доколку во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се уредува потпокривен корисен простор, тој се третира рамноправно со другите спратови на градбата и се обележува и пресметува во постапката за спроведување на планот како регуларна спратна површина.

Во урбанистички план не се планира и обележува потпокривен простор како посебен вид на кат односно поткровје, туку како регуларен кат.

Во дозволената височина на слемето можно е формирање на повеќе типови на покриви од кои најчести се косите, рамните и мансардните покриви

Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите што се уредува со урбанистички план на ниво на плански опфат, блок или поединечна градежна парцела и тоа:

- кули, покривни бањи, стакларници и издадени покривни елементи,
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко-технолошки инсталации, и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот
- Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.
- Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволената висина на изградба. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во должни метри. Од висината на слемето отстапуваат само линиските вертикални технолошки инсталации.

7.8. Во Максимална висина на венец, за објекти од планскиот опфат, дадни се катни висини од П до П+5 ката

7.9. Диспозиција на површина за градење во градежна парцела и нејзино растојание од граница на градежна парцела зависат од типот на градење, односно од начинот на групирање на градбите во блокот.

Растојанијата помеѓу површини за градење во градежни парцели што се поставени лице в лице од две страни на сообраќаен коридор зависат од широчината на коридорот или од меѓусебното растојание, височината на градбите од двете негови страни и видот на отворите на фасадите ориентирани кон коридорот, при што:

- на коридор дефиниран со две регулациони линии што се на меѓусебно растојание од 3,00 – 6,00 м површините за градење што се допираат со регулационата линија можат да бидат слепи ѕидови без отвори или да имаат само помошни отвори со парапет над 1,60 м, додека регуларни отвори со парапети под 1,60 м можат да имаат градбите чиишто површини за градење се оддалечени од регулационите линии најмалку 3,00 м,

- на коридор дефиниран со меѓусебното растојание на градбите од двете страни на коридорот кое изнесува од 6,00 – 16,00 м страните од градбите што се ориентирани кон коридорот можат да бидат со регуларни отвори со парапети под 1,60 м но со висина на градбите што не е поголема од широчината на коридорот,

